

## ВО ДОМОТ – МУЗЕЈ НА МУЗИКАТА

**Во оваа прилика ќе претставиме некои од карактеристиките на домот на Есма. Имено, треба да се нагласи дека куќата на Кралицата на ромската музика, Есма Реџепова-Теодосиевска, постојано беше полна со луѓе и со песна. Својот живот го посвети на песната и на хуманоста. Речиси и да нема некој што не знае дека Есма во својот живот израсна 47 машки деца и едно девојче, кои денес се солидно згрижени во сопствени домови, а луѓето што ја почитуваат нејзината музика и ја познаваат професионално со задоволство ја именуваат со титулата Кралица на ромската музика**

Есма беше личност која во својот живот многу патувала и посетила многу земји во светот, се претставила со својата музика, а секогаш на највисоко ниво ја претставувала и земјата од која доаѓа – Република Македонија.

За Македонија таа често го повторуваше следното: *„Сум се родила тука и тука ќе умрам. Го сакам македонскиот народ, оваа земја. Секогаш со гордост истакнувам од каде сум. По цел свет кажувам дека сум родена во Македонија, во која Ромите најмногу ги зачувале јазикот, традициите и обичаите на својата прататковина Индија. Дека имаме две ромски телевизии, радиостаници, свој застапник во парламентот, ромски градоначалник. Кога со Стево се вративме во Скопје, по триесет години живот во Белград, изгубивме многу пари, ама не жалам. Така одлучивме и никогаш не се покајавме“,*
велеше Есма.

Кога зборуваше за другите градови освен Скопје, кое го сака на свој начи, велеше дека од градовите во светот најголем впечакот ѝ оставил Ленинград, денешен Петровград, а од државите Индија. За неа Ленинград беше град кој поседува автентична убавина, поубав е дури и од Венеција. Таа беше фасцинирана од знаменитостите и старите архитектонски зданија кои можат да се видат во овој град. Но кога би имала можност повторно да избира каде да живее, таа би ја одбрала Германија.

Според Есма, Германија е земја која на свој специфичен начин се грижи за своите граѓани и им го олеснува животот. Таа велеше дека таму постои голема дисциплина, ред, мир, сѐ она што му е потребно на еден човек за пријатен и спокоен живот. Исто така, за Есма беше карактеристично што таа имала добиено многу подароци. Нејзината колекција на подароци не беше само од обичните граѓани, од нејзината публика на нејзините концерти, туку и од високи државници.









**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**